Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

ВИНИЦА

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр 11 – 115/3
10.07 2023 год
ВИНИЦА

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18 год., Градоначалникот на Општина Виница донесе:

**О Д Л У К А**
**За организирање Јавна презентација и Јавна анкета на Предлог- Урбанистички план за село Лески, КО Лески, Општина Виница**

**Член 1**

Со оваа одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета на Предлог- Урбанистички план за село Лески, КО Лески, Општина Виница

**Член 2**

Соопштение за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација ќе биде објавено на web-страницата на општината и преку информацискиот систем е-урбанизам.

**Член 3**

Времето на излагање на планот ќе трае 7 работни дена (9 дена ) со почеток од 12.07.2023 год. до 20.07.2023 год.Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица своите забелешки, предлози и мислења можат да ги донесат на посебни анкетни листови (можат да добијат во Општински центар за услуги при општина Виница) и во елелтронска форма преку информацискиот систем е- урбанизам.За повеќе информации сите лица можат да се обратат во Одделението за урбанизам во просториите на Општина Виница. Јавната презентација на Предлог планот ќе се одржи на ден **17.07.2023** год. со почеток во 12:00 часот во Салата за состаноци на четврти кат во зградата на Општина Виница.

**Член 4**

Предлог –планот ќе биде изложен на излогот на Интернет клуб на Општина Виница, ул.Маршал Тито бр.13 и Огласната табла пред Општина Виница – Бел Камен бр.13 Виница,како и на видно место во село Лески. .

**Член 5**

Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Миле Петков

---------------------

Република Северна Македонија
Градоначалник
ВИНИЦА
Општина Виница